Врз основа на член 43 став 1, член 47 ставови 1 и 2 и член 48 од Статутот на Фармацевтска, хемиска, козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје, а согласно Одлуката за свикување годишно собрание на Друштвото бр.0202-15 од 29.02.2024 година, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје објавува

# Ј А В Е Н   П О В И К
## за учество на Годишно собрание на Друштвото

Седницата на собранието ќе се одржи на ден 01.04.2024 година (понеделник) со почеток во 08:00 часот во деловните простории на Друштвото, Бул. Александар Македонски бр.12, Скопје.

За седницата се предлага следниот

### ДНЕВЕН РЕД

Процедурален дел

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на бројачи на гласови;

Работен дел

3. Предлог Одлука за измени и дополнувања на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје заради додавање на дејност во предметот на работење, во насока на усогласување со сметководствените прописи, со прилог предлог пречистен текст на Статутот;
4. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2023 година (единечен и консолидиран);
   - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи;
5. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година (единечни и консолидирани);
   - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година (единечни и консолидирани);
   - Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2023 година;
6. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор;
   - Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите;
7. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2023 година;
   - Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2023 година;
8. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2023 година;
9. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар);
10. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;
11. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции;
12. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.
Секој акционер кој има намера да учествува на собранието на Друштвото е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Образецот за Пријавата за учество на седницата на Собранието е достапен на интернет страницата на Друштвото.
Пријавите може да се доставaт преку електронска пошта до електронската адреса на Друштвото: sobranie@alkaloid.com.mk, по препорачаната пошта до Архивата во седиштето на Друштвото, со назнака „за Собрание на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје“ или лично.
Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на собранието на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име.
Акционерот е должен во најкус временски рок да го информира Друштвото по писмен пат за назначувањето на свој полномошник на седница на Собрание на Друштвото, при што на Друштвото, заедно со известувањето, му доставува и оригинален примерок од Полномошното, во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното.
Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на Друштвото.
Полномошното е единствено валидно само доколку е на образецот објавен, односно достапен од страна на Друштвото, освен кога акционер од која било причина технички не може да го преземе образецот за давање полномошно од интернет страницата на Друштвото или ако му бил испратен лично по пошта, а образецот не го примил. Во тој случај, акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма. Акционерите можат да гласаат со кореспонденција, со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна до 29.03.2024 година, до 15:30 часот.
Обрасците за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување се достапни за преземање од интернет страницата на Друштвото.
Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да доставаат предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.
Акционерите барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието и/или предлагањето на одлуки за усвојување можат да го доставаат во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на собранието, а подетални информации за постапката на доставување може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото.
Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на Друштвото.
Одговорите на поставените прашања на седницата на собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон.
Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во деловните простории на Друштвото од 12:00 до 13:00 часот и се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.
Официјална интернет страница на Друштвото е:
www.alkaloid.com.mk

УПРАВЕН ОДБОР